Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ХРИСТИЈАН КАРПОШ"
01-151/3
28.10. 2024 год.
Младо Нагоричане - Старо Нагоричане

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ Христијан Карпош с. Младо Нагоричане, период 2022/2023-2023/2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште Христијан Карпош изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022/2023-2023/2024 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 23.09.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Анета Вељановска
2. Ирена Николиќ
3. Катица Јовановска
4. Анѓела Цветковиќ
5. Сузана Димковска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот септември-октомври 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Слаѓана Трајковска – водач<br>Весна Димитриевска<br>Фросина Петковска<br>Милена Димковиќ<br>Катерина Јанчиќ<br>Филип Ѓошевски |
| 2. Постигања на учениците | Горан Гелевски- водач<br>Мила Вилијамс<br>Дејан Станковски<br>Стојан Ѓорѓевски<br>Кристијан Бирдевски<br>Гоце Николовски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Наташа Арсовска –водач<br>Валентина Димчевска<br>Марија Трендафиловска<br>Магдачена Петковиќ<br>Милош Алексиќ<br>Ленче Давидовска<br>Емилија Божиновски |
| 4. Управување и раководење | Марија Додевска – водач<br>Лидија Петровска<br>Даниела Ангеловска<br>Кети Павловска |

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознаени со листата на изборни предмети и активности како и дека по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, најголем дел од испитаните наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаните ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓунаставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план .Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето .Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава .Училиштето планира и реализира разновидни вonнаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но со оглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани

од лица назначени од стручните органи.

- Мал дел од наставниците сметаат дека не соработуваат успешно со образовните асистенти.

- Поголем број од наставници смета дека планот за вонанставните активности не го изготвува заедно со учениците.

- Мал дел од учениците сметаат дека слободните изборни предмети во кои се вклучени,не се според нивните интереси.

- Значителен број од ученици сметаат дека во наставата не користат различни извори и материјали за учење и не се доволно мотивирани за учество во проекти.

- Значителен дел од ученици сметаат дека наставниците не ги известуваат редовно за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување, ниту пак се пофалувани за нивниот труд и постигнувања.

- Исто така значителен дел од ученици и наставници сметаат дека во училиштето треба да се подобрат условите за работа,да се води сметка за подобра хигиена ,како и да се изгради спортска сала за одржување на часовите по физичко образование.

**Приоритети**

- Навремено организирање на обуки на наставниците за примена на современи техники и методи за учење ,како и обуки за работа со деца со попреченост и изготвување на ИОП.

- Засилување на соработката на ППС со наставниот кадар во поглед на изготвувањето на наставните планови и програми.

- Поголема слобода на учениците во избор на слободните изборни предмети .

- Во делот со вонаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси .

- Надминување на слабостите во делот на постигањата и оценувањето .

- Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик .

- Подобрување на хигиена во училиште и подобри услови за реализација на сите наставни предмети.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Постигањата на учениците во ООУ „Христијан Карпош“ с.Младо Нагоричане на крајот од учебната година од прво до трето одделение се определува преку описно оценување, додека ученици од IV и IX оддление се определува преку бројчано оценување. Постигањата кај учениците се врши врз основа на тековно

| |
|---|
| училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонанаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истите се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето. Училиштето има склучено голем број на меморандуми за соработка со локалната заедница и инсттуции, невладини организации и акредитирани организации кои постојано ја следат работата, се вклучени и донираат соодветна опрема или интелектуални услуги во училиштето. Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и вонаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. ППС во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование. |
| **Силни страни**<br><br>- Училиштето има позитивна клима<br><br>- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни<br><br>- Училиштето има детски парламент<br><br>- Училиштето има ученик правобранител<br><br>- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.<br><br>- Училиштето постојано соработува со локалната средина<br><br>- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми<br><br>- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br><br>- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и вонаставни активности за превенција од насилството<br><br>- Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Со училиштето раководи Директорот а во донесување на одредени одлуки му помага Училишниот одбор. Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето.<br>Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на два стручни активи: Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на предметни наставници. Придонес во раководењето имаат и Советот на родители, Ученичката заедница составена од претставници на учениците од сите паралелки како и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето .Во училиштето постои интерен документ за правата и одговорностите на учениците и Правилник за изрекување педагошки мерки кој доследно се почитува.<br>Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и вonнаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето и Училишниот парламент. |
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето е добро раководено<br>• Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики<br>• Најголем број од наставниците сметаат дека имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлуки<br>• Квалитетен наставен кадар<br>• Соработка помеѓу стручните соработници и наставниците<br>• Адаптиран и опремен нов кабинет по природни науки<br>• Целите во развојно планирање се конкретни, јасни и при нивното поставување се вклучени сите засегнати страни.<br>• Училиштето ги афирмира и промовира постигањата и резултатите од натпреварите на учениците и нивните ментори преку веб страна на училиштето. |
| **Слаби страни**<br><br>• Училишната библиотека не располага со читална за учениците |

- Нема простор за храна.
- Процедурите за креирање на училишна политика треба да се ажурираат
- Нема спортската сала.
- Вклучување на училиштето во повеќе проекти.
- Недостаток од материјални средства за реализација на поголеми инфраструктурни зафати.
- Недостаток од матријални средства за стручно усовршување на вработените.
- Недоволно материјални средства за одржување и набавка на нагледни средства и помагала и училишен инвентар.

**Приоритети**

- Подготовка на план и стратегија за поголема вклученост- застапеност на родителите во различни видови на училишни активности.
- Модернизација на наставата и воспитно- образовниот процес со набавка на современи нагледни средства и помагала
- Обезбедување обуки според детектирани потреби на вработените
- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Навремено организирање на обуки на наставниците за примена на современи техники и методи за учење ,како и обуки за работа со деца со попреченост и изготвување на ИОП.
- Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.
- Модернизација на наставата и воспитно- образовниот процес со набавка на современи нагледни средства и помагала
-Организирање на отворен ден за родителите каде истите ќе ја користат својата можност да разговараат за постигањата на своето дете
- Подготовка на план и стратегија за поголема вклученост- застапеност на родителите во различни видови на училишни активности.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Анета Вељановска

Ирена Николиќ

Катица Јовановска

Анѓела Цветковиќ

Сузана Димковска

Претседател на комисија

_______________________

Анета Вељановска